{ Факултет за работи што не се учат }

{ Faculty of Things That Can't Be Learned }

20[25]АКТО фестивал за современи уметности

# како се прави~~?~~

# How ~~it`s~~ done?

# 2-5.10.2025.



## 2.10. 2025 [четврток]

## Преднастан

19:00 – 20:00 – **ЕКОЛОШКИ ИДНИНИ - АЛАТКИ** – јавно предавање на Даниел Кунерт ARCH + / https://archplus.net/de

Ова предавање е најава за тридневната програма на 20. АКТО фестивал која ќе се реализира во киното на Железничката зграда од 3-5.10.2025 година.

[**Локација:** Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Булевар „Партизански одреди“, 1000 Скопје].

{ Факултет за работи што не се учат }

{ Φaculty of Things That Can't Be Learned }

# 3.10. 2025 [петок]
# Официјална програма

19:30 – 22:00

**КИНОТО ВО ЖЕЛЕЗНИЧКА ЗГРАДА, ИЗГУБЕНА [МОДЕРНИСТИЧКА] УТОПИЈА**

Просторна инсталација, разговор и проекција на филмови.

[**Локација:** Кино во Железничка зграда, ул. Борка Талевски 26, 1000 Скопје].

19:30 - **THIS BUILDING TALKS** - **Просторна интервенција/изложба** во јавен простор (Кино во Железничка зграда) од архивата на проектот КОГА ЗГРАДИТЕ БИ ЗБОРУВАЛЕ 2015-2025. Долгорочен колаборативен проект на Филип Јовановски.

20:00 – 21:15 – Разговор: Интердисциплинарна колаборативна пракса во земјава - студија на случај: **Кога зградите би зборувале** во Железничка зграда, Скопје**.**

Модератор: Владимир Јанчевски
Концепт: Владимир Јанчевски, Ивана Васева
Учесници: (нивните имиња се во процес на потврдување)

**Интердисциплинарноста во современата уметност денес**

Во глобалниот културен контекст интердисциплинарноста одамна се наметнува како неопходна методолошка насока која ги поврзува уметничките практики со различни научни, општествени и културни дисциплини. Таа овозможува нови форми на продукција на знаење и критичка рефлексија, надминувајќи ги строгите дисциплинарни граници и отворајќи можности за пошироки културни и општествени дијалози. Интердисциплинарниот пристап денес често се препознава како алатка за преиспитување на хегемонските наративи и епистемологии, за отворање на простори на алтернативни толкувања, каде што уметноста се разбира како активен општествен чинител.

Денес, се чини повторно актуелно прашањето: каде е местото на интердисциплинарната практика во локалниот контекст? Кои се параметрите за нејзино дефинирање, нејзиниот потенцијал и нејзината рецепција? Уметничкото дејствување меѓу дисциплинарните граници, зајакнато со колаборативен пристап, во нашата средина е сè уште релативно ретка појава. Сепак, историски можеме да се потсетиме на неколку парадигматични уметнички опуси: групата ДЕНЕС, Зелената гуска, Свети Никита Голатарот, групата Зеро, како и на соработките и акциите на Симон Узуновски, Милош Коџоман и Драгољуб Бежан. Овие иницијативи иако во рамки на тенденцијата за поврзување на уметничките дисциплини, отвораа простор за експериментирања во различни полиња, кои не само што ги кршеа традиционалните начини на изложување, туку воспоставуваа и нови модели на рецептивност со изразен критички потенцијал.

Преку вакви практики се покажува дека интердисциплинарноста може да ја збогати уметничката сцена со нови јазици, методи и перспективи, создавајќи нови поврзувања меѓу уметноста, науката, архитектурата, урбанизмот, литературата или активизмот. Таа не само што го проширува полето на уметничката продукција, туку и отвора прашања за улогата на уметноста во обликувањето на колективната меморија и во артикулирањето на општествените промени.

Во рамките на изложената просторна инсталација која го архивира долгогодишниот интердисциплинарен проект *„Кога зградите би зборувале“* на Филип Јовановски, на оваа тема, свое видување ќе понудат неколку културни работници, куратори,

историчари на уметност, истражувачи и критичари, потсетувајќи дека уметноста во својата интердисциплинарна димензија е секогаш и форма на дијалог – со просторот, со заедницата и со времето во кое настанува.

21:30 - 22:00 – Селекција на филмови на колективот **Floating** ~~**University**~~ од Берлин.

# 4.10.2025 [сабота]

12: 00 – 12: 30: **ЕКОЛОШКИ ИДНИНИ – АЛАТКИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОСТОРИ** [од Скопје до Ереван] – интервенција/изложба во јавен простор (двор во Железничката зграда) + презентација на проектот од Даниел Кунерт (ARCH +). https://www.goethe.de/en/kul/bku/elf.html

Еколошката иднина се занимава со еколошките и социјалните предизвици што ги поставуваат климатските промени и општествените случувања. Ги здружува актерите од урбаната пракса, уметноста и културата и жителите на соседството за да се справат со конкретни проблеми и конкретни можности во нивните соседства**.**

12:30 –16:00: **Како се прави? / How it`s done? Искуства на издржливст** [behind the scenes]. Дискурзивна АКТО програма.

Учесници: Зорица Милисавлевиќ – Милојковиќ (Урбани Оази, Белград), Славчо Димитров (Викенд на Гордоста, Скопје), Борис Бакал (Фрлачи на Сенки, Загреб), Кристина Леловац (фестивал Прво па женско, Скопје), Димитар Самарџиев (Бостание – општествена градина, Скопје), Виолета Качакова и Филип Тасевски (ЗЕМЈОТРЕС фестивал на независна музика), Никола Гелевски (списание МАРГИНА), Давид Нил Морси и Кристин Лаз (Floating University, Берлин), ОПА (заУМ архива).

15: 00 – 16: 00: **Ручаме солидарно** (што и да значи тоа) – перформативен настан со готвење.

20:00 – 21:30: **ВИТИЌ ТАНЦУВА**
Режија: Борис Бакал / Хрватска / 2023. / 90',

Краток разговор за филмот со Борис Бакал
Модератори: Димитар Милев и Кристин Лаз

„Витиќ танцува“ е долгометражен документарен филм на концептуалниот интермедијален уметник Борис Бакал и уметничката организација „Фрлачи на сенки“ (Bacači sjenki) за дваесетгодишната борба на станарите на Витиќевиот облакодер за обновување на повеќестанбената зграда во Загреб, ремек-дело на модернистичката архитектура, која на тој начин станува метафора на целото општество. Хипертекстуална приказна за истражување на целта и залудноста на индивидуалното застапување за општото добро.
Филмот опфаќа период од околу петнаесет години, а преку архивски снимки и сведоштва на поранешни и сегашни жители на Витиќевиот облакодер,архитекти, активисти и други инволвирани актери, се обидува да воспостави свест за инфраструктурата во служба на заедницата. Со помош на афирмативните практики на

домување и кохезивната функција на архитектурата, во фокусот на интерес на филмот е Витиќевиот облакодер, изграден на крајот на педесеттите години од 20 век во Загреб, како пример за имплементација на модернистичка архитектура во урбаниот пејзаж.

Тоа е зградата во која се рефлектираа сите клучни општествени моменти и несогласувања. Вреден и долго запоставен споменик на културата, Витиќевиот облакодер истовремено е и показател за систематска негрижа кон социјалистичкото наследство, но и за парадоксот на поранешниот систем. Нормализацијата на клиентелизмот и корупцијата, недоволниот капацитет за домување во Загреб, систематското запоставување на јавните простори и отсуството на урбанистичко планирање се теми што се рефлектираат во филмот на Бакал со облакодерот како главен протагонист

# 5.10.2025 [недела]

10:00 – 16:00: **КАКОВ ГРАД?** – интервенција во јавен простор, едукативна и музичка програма и перформативно готвење во живо.

Настанот КАКОВ ГРАД? претставува еден од серијата јавни настани/интервенции во јавен простор развиени во рамки на едукативната платформа Градот како сцена: Изведување на јавниот простор.

Работата во рамки на платформата Градот како сцена: Изведување на јавниот простор се надоврзува на неколкугодишното истражување и работа на интердисциплинарниот уметник и архитект, Филип Јовановски во рамки на програмските активности на организацијата „Факултет за работи што не се учат – ФРУ“ во насока на истражување на јавни простори и подоцна продукција на истражувачки перформативно - театарски проекти(претстави)/интервенции за истите тие простори.

Еден од главните фокуси во рамки на оваа платформа е активирање на просторот на киното во Железничката зграда, како потенцијален заеднички простор кој треба да го користи пошироката заедница на граѓани. Во таа насока, настанот КАКОВ ГРАД? исто така отвора, иницира идеи во која насока сакаме ова кино да го активираме да биде активно за пошироката заедница. Ги истражуваме капацитетите на киното во Железничката зграда и неговиот потенцијал да стане активен простор за заедницата, користејќи веќе постоечки ресурси кои претставуваат основа да се изгради/осмисли оваа просторна инсталација која треба да зборува за потенцијалот на овој јавен простор со цел да стане функционален и корисен за заедницата.

11:00 – 12:00 – **„Ран филм – Cined Origins“ (1895–1907)**

Колекција од 20 кратки филмови снимени во Франција, Египет, Италија, Виетнам, Велика Британија и Шпанија. **Автори:** Луј Лимиер, Александре Промио, Габриел Вејр, Луин Фицхамон, Сесил Хепворт, Гастон Вел, Сегундо де Чомон, Роберт Вилијам Пол, Жорж Мелиес и други пионери.

**Вовед:** Борис Бакал — филмот како манипулација: техничка и политичка димензија.

Дискусија по проекцијата.

Цели: Да се оживее потенцијалот на киното во Железничарската зграда и да се нагласи неговата обнова. Преку филм да се отвори разговор за заедничкото наследство, односот кон архитектурата и историјата. Да се активира локалната заедница преку гледање филмови и дијалог,

{ Факултет за работи што не се учат }

{ Фaculty of Things That Can't Be Learned }

12:00 – 16:00 - **МААЛСКИ ПЕРОН (Бистро на еден ден) – Пријатели/ки на киното во Железничка зграда**
Учесници: Кафе **DUDE**, **Floating university,** музичка група **ТРЕТО КОЛЕНО** (Битола), музичка група **СИЗ (Скопје)**, **DJ Indog, креативна работилница 5 до 12, Доротеј Нешовски** Концепт за детска ликовна работилница: „ Креативна игра", Владимир Лукаш, Издавачка куќа ИЛИ-ИЛИ, пивара БАК.
---------------------------------------------------------------

Проектот **20. АКТО фестивал за современи уметности** е поддржан од ГЕТЕ Институт Скопје во партнерство со водечкото германско списание во областа на архитектурата и урбанизмот. **ARCH +** и Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија.

**Продукција:** Лабораторија за просторно изведувачки практики **Градот како сцена** во рамки на програмите на платформата за современа уметност и култура „Факултет за работи што не се учат“ - „АКТО фестивал за современи уметности“.

Партнери на проектот **Градот како сцена: еколошки иднини**: ГЕТЕ ИНститут Скопје, ARCH +, Архитектонски факултет – УКИМ Скопје, ЗК/У-Берлин – Институт за уметност и урбанизам – Берлин, Пловечки универзитет – Берлин, Факултетско студентско собрание - Архитектонски факултет – УКИМ Скопје.

----------------------------------------------------------

**Организација:** Асоцијација за култура и уметност: Факултет за работи што не се учат – ФРУ/АКТО фестивал

**Уметнички директор:**
Филип Јовановски
**Креативна продукција и програмска координација:**
Димитар Милев.
**Креативен тим:**
Димитар Милев, Екатерина Добривојевска, Калина Трајановска, Мартина Пенева
**Продукција и стручна поддршка:**
Александар Јовановски
**Визуелен концепт**
АКТО
**Графички дизајн:**
Стефан Танков
**Кураторска поддршка:**
Ивана Васева
**Финансии и продукциска поддршка:**
Благица Петрова
**Односи со јавност:**
АКТО
**Социјални медиуми:**
Екатерина Добривојевска